АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN BAR ASSOCIATION

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 28-02-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-237
28.02.2018 год.
СКОПЈЕ

До
**г-дин Зоран Заев**, Претседател на Влада на Република Македонија

Почитуван Претседател на Владата на Република Македонија во изминатиот неколкумесечен временски период се одвиваше процесот на измени и дополнувања на Законот за нотаријат.

Во Комисијата за изработка на предлогот, согласно Решението на Министерството за правда беше вклучен еден претставник на Адвокатската комора на РМ (*во понатамошниот текст АКРМ*) кој на сите состаноци на Комисијата активно ги аргументираше ставовите на АКРМ, а од страна на комората до Министерството за правда во три наврати во писмена форма беа доставени предлози, аргументи и коментари. Во прилог на овој допис Ви доставуваме и копија од писмените обраќања на АКРМ и копија од записниците за работа на Комисијата.

Во текот на подготовките на законот текстот до пред неколку дена беше со алтернативи предложени од повеќе чинители (Нотарска комора, Стопанска комора и АКРМ) но, текстот кој што е доставен до членот на Комисијата од АКРМ како текст кој ќе оди на разгледување на седница на Владата не е прифатена ниту една алтернатива предложена од АКРМ.

Текстот на предложениот Закон за измени и дополнувања на Законот за нотаријат е целосно на штета на адвокатите во РМ поради следното:

1. Учеството на адвокатите во нотарските постапки содржано во досегашниот Закон за нотаријат и тоа при составувањето на договори со вредност над 10.000 евра, во постапките за платни налози и во оставинските постапки е целосно избришано. Ова и покрај фактот што Уставниот суд со Решение бр. 141/2016-0-0 од 05.07.2017 година констатира дека тоа е во интерес на зголемена правна сигурност на граѓаните.

2. Во членот 52 е предвиден задолжителен нотарски акт за повеќе ситуации И КОГА ТОА Е ПРЕДВИДЕНО СО ДРУГИ ЗАКОНИ, а во член 54 е предвидена можност сите правни работи да се изготвуваат во форма на нотарски акт и тоа така што е додаден нов став (петти) во кој е предвидено дека нотарот е должен да состави нотарски акт ако тоа во постапката го побараат странките.



e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452 fax. ++ 389 2 3165 409
ул. Даме Груев бр.3, 1000 Скопје, Р. Македонија; St. Dame Gruev No.3, 1000 Skopje, R. Macedonia

Со ова всушност спротивно на Уставот на РМ се одзема целосно работата и овластувањето на адвокатите за состав на договори – приватни исправи. Нагласуваме дека согласно член 53 од Уставот на РМ адвокатурата е единствена јавна служба која пружа правна помош, а не нотаријатот.

Составувањето на нотарски акт е всушност друг назив за составување на договор или друга правна работа што претставува правна помош и нотарите немаат овластување да ја даваат.На овој начин целосно се елиминираат адвокатите од изготвувањето на приватните исправи.

3. Во функција на составувањето на договорите од страна на нотарите е и воведувањето ново начело на кое се заснова нотаријатот "ДИСПОЗИЦИЈА НА СТРАНКИТЕ" што е сторено уште во членот 1 од предметниот Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат во кој е наведено дека покрај начелата предвидени во членот 3 од постојниот закон се додава и ново начело ДИСПОЗИЦИЈА НА СТРАНКИТЕ. А воведувањето на тоа начело е всушност новата одредба од член 54 дека по барање на странките нотарот е должен да состави нотарски акт (договор) или со други зборови доколку тоа го бара странката, нотарот ќе составува договори што е исклучива надлежност на адвокатите, но во законот е преименуван како нотарски акт.

Токму затоа во законот никаде не може да се најде дефиниција што всушност претставува нотарски акт. Законот во членот 65 содржи одредба која ја опишува соржината на нотарскиот акт, но никаде во содржината не е наведено дека составот на договорот го врши нотарот како што тоа всушност го прават нотарите.

ПОРАДИ ТОА СМЕТАМЕ ДЕКА Е НЕОПХОДНО ВО ЗАКОНОТ ЕКСПЛИЦИТНО ДА СЕ НАВЕДЕ ДЕКА НОТАРИТЕ НЕМААТ ПРАВО ДА ГИ СОСТАВУВААТ ДОГОВОРИТЕ, А ПРЕЦИЗНО ДА СЕ ДЕФИНИРА ДЕКА НОТАРСКИОТ АКТ ПРЕСТАВУВА САМО АКТ СО КОЈ МУ СЕ ДАВА ЈАВЕН КАРАКТЕР НА ДОГОВОРОТ.

СМЕТАМЕ ДЕКА ДОГОВОРОТ И ДРУГИТЕ ПРАВНИ РАБОТИ КОИ ПРЕТСТАВУВААТ ИСКЛУЧИВО ПРИВАТНИ ИСПРАВИ НИКАКО НЕ СМЕЕ ДА СЕ НАРЕКУВААТ НОТАРСКИ АКТИ И ТОКМУ ЗАТОА ОД АКРМ БЕШЕ ПОБАРАНО ВНЕСУВАЊЕ НА ОДРЕДБА СО КОЈА НОТАРИТЕ НЕМА ДА СМЕАТ ДА ИЗВРШУВААТ АДВОКАТСКИ АКТИВНОСТИ.

Суштината на нотаријатот доколку се почитува Уставот на РМ треба да се сведе на давање јавен карактер на приватните исправи и тоа со нивна солемнизација.



e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452 fax. ++ 389 2 3165 409
ул. Даме Груев бр.3, 1000 Скопје, Р. Македонија; St. Dame Gruev No.3, 1000 Skopje, R. Macedonia

4. Спротивно на ова, со измената на член 55 содржана во член 20 од Законот за измени и дополнувања на Законот за нотаријат на нотаријатот му е дадена улога на ревидент на приватните исправи така што кога странката ќе дојде за солемнизација, нотарот доколку утврди дека не содржи некој елемент предвиден за нотарски акт ДА ЈА ПРИШИЕ ПРИВАТНАТА ИСПРАВА КОН НОТАРСКИОТ АКТ ШТО ТОЈ ЌЕ ГО ИЗГОТВИ НАМЕСТО ПРИВАТНАТА ИСПРАВА (по барање на странката). Јасно е дека во практика ова ќе претставува начин за целосно елиминирање на приватните исправи кои ги изготвуваат адвокатите, а со тоа и целосно одземање на работата на адвокатите.

5. Измените на законот со кои што адвокатите целосно се исклучуваат од постапките за издавање на платен налог и оставинските постапки претставуваат намалување на правната сигурност на граѓаните затоа што нотарите во овие постапки имаат улога на суд (повереници на судот). Оваа улога е уште поизразена со новите одредби во кои нотарите имаат право да ги отфрлаат рпедлозите за издавање нотарски платен налог.

Сметаме дека заради зголемување на правната сигурност на граѓаните учеството на адвокатите треба да биде задржано во овие постапки.

Во случај Владата да заземе став дека тоа не е можно, заради правната сигурност на граѓаните сметаме дека постапките за платни налози и оставинските постапки треба да се вратат во судовите.

На крајот би сакале да укажеме на околноста дека во Република Македонија во моментот активно адвокатурата ја обавуваат 2776 адвокати, од кои што секој од нив вработува дополнителен број на приправници и стручни соработници и тоа е единствената правна професија која ги има отворено вратите за младите невработени правници најнапред како приправници, а потоа и како адвокати. Годишно бројот на адвокатите се зголемува за околу 200 нови адвокати. Зачувувањето на обемот на работата на адвокатите е од суштинско значење за опстанокот на адвокатурата.

Поради тоа молиме за Ваш личен ангажман во постапката за донесување на законот и особено разгледувањето и уважувањето на предлозите и барањата на АКРМ, кои од страна на Министерството за правда се целосно игнорирани.

Во прилог на овој допис ги доставуваме во писмена форма сите предлози и забелешки како и целокупната кореспонденција со Министерството за правда.



*e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452 fax. ++ 389 2 3165 409*
*ул. Даме Груев бр.3, 1000 Скопје, Р. Македонија; St. Dame Gruev No.3, 1000 Skopje, R. Macedonia*

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN BAR ASSOCIATION

Воедно, доколку тоа Вашето време го дозволува, би сакале да замолиме и за состанок на кој покрај понапред опишаниот проблем би ги разледале и останатите проблеми со кои се соочува адвокатурата во Република Македонија.

Со почит,

Скопје,
28.02.2018 година

Управен одбор на АКРМ
Претседател
Никола Додевски, адвокат

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ



e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452 fax. ++ 389 2 3165 409
ул. Даме Груев бр.3, 1000 Скопје, Р. Македонија; St. Dame Gruev No.3, 1000 Skopje, R. Macedonia